Додаток на исхраната

# Селен+цинк капсули

**Состав:**
Една капсула содржи:
**Активни супстанци:**
Селен (како L-селенометионин)   55 µg
Цинк (како цинк-глуконат)    10 mg
**Состојки:** Цинк-глуконат, хидроксипропилметил целулоза, средство за зголемување на волуменот микрокристална целулоза, L-селенометионин, средства против згрутчување: талк, магнезиум-стеарат и силициум-диоксид, боја E 171.

**Својства и делување:**
***Селенот (Se)*** е микроелемент кој остварува многу важни функции во човековиот организам. Заради своето антиоксидантно својство овој минерал учествува во заштита на клетките и ткивата од штетното влијание на слободните радикали што го забавува стареењето. Посебно е важен антиоксидантниот ефект на селенот на кожата, затоа што така го забавува нејзиното стареење. До сега се откривени 4 ензими од групата селено-зависни глутатион-пероксидази и сите имаат антиоксидантно дејство во борбата против слободните радикали и реактивните соединенија на кислрод. Селенот ја поттикнува сперматогенезата и на тој начин позитивно влијае на плодноста на мажот. Имуностимулативна функција на селенот е важна за јакнење на одбранбените способности на организмот. Овие минерали учествуваат во правилно искористување на јодот во организмот во производство на активни хормони на тироидната жлезда што е неопходно на нејзина правилна функција. Селенот е неопходен за правилан раст на косата и ноктите. Ја поттикнува детоксикацијата на организмот, така што го забрзува елиминирањето на тешките метали. Заради често присутниот дефицит на селен во внесената храна, се препорачува земање на селен како додаток во исхраната.

***Цинкот (Zn)*** е минерал кој допринесува во нормална синтеза на протеини, нуклеински киселини и игра важна улога во метаболизмот на јаглени хидрати и масни киселини. Значењето на цинкот се гледа и во неговата улога во метаболизмот на витаминот A, односно во одржувањето на нормалниот вид кај човекот. Цинкот има функција и во одржувањето на здрави коски, кожа, коса и нокти. Придонесот на цинкот кај човекот е изразен во одржување на нормалното ниво на тестостерон во крвата и нормална плодност и репродукција. Цинкот учествува во заштита на клетките од дејството на слободните радикали и со своето имуностимулативно дејство допринесува во одржување на нормална функција на имуниот систем. Овој минерал неопходен е за нпрмалан раст, а учествува и во процесот на зараснување на рани, делбата на клетките и зачувување на ацидо-базната рамнотежа во организмот. Активноста на голем број ензими во организмот зависи од присуството на цинкот.

Обата минерали кои влегуваат во состав на препаратот придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем и заштита на клетките од оксидативен стрес и учествуваат во одржување на нормална состојба на косата и ноктите. Селенот придонесува за нормална функција на тироидната жлезда и сперматогенеза, додека цинкот придонесува на нормална плодност и репродукција и учествува во одржување на нормална состојба на кожата.

Дополнителна суплементација на селен и цинк во исхраната се препорачува кај недоволно внесување на овие минерали со храна или во текот на редукциони диети, во периоди на зголемени потреби на организмот во текот на интензивен раст и развој, кај зголемена физичка активност, кај лица кои пушат цигари.

**Препорака:**
- Придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем
- Придонесува за заштита на клетките од оксидативен стрес

**Употреба:**
Возрасни: Една капсула дневно

**Предупредувања:**
Производот не треба да го земаат лица пречувствителни на која било состојка од производот.
Корисниците со познати здравствени проблеми пред употреба треба да побараат совет од лекар или фамацевт.
Бремените и доилките, како и лицата на медикаментозна терапија, пред употреба на овој производ треба се консултираат со својот лекар или фармацевт.
Препорачаната дневна доза не смее да се пречекори.
Додатоците на исхраната не можат да се користат како замена за разновидна и урамнотежена исхрана.
Урамнотежената и разновидна исхрана и здравиот начин на живот се важни за вашето здравје.

**Чување:**
Да се чува во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага на температура до 25°C, подалеку од дофат на деца.

**Рок на траење:**
Рокот на траење е означен на пакувањето.

**Пакување:**
20 капсули

**Производител:**
Pharmanova d.o.o.
Индустријска 8, 11500 Обреновац, Република Србија

**Оператор со храна:**
Фарманова д.о.о. Обреновац, Претставништво Фарманова Скопје,
Булевар Видое Смилевски Бато бр. 85, Скопје,
Република Северна Македонија

**Увозник и дистрибутер:**
Наведено на декларацијата

PHARMANOVA

3203344-1